РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
Бр.-Nr. 02-387/51
30 08 2021 год.-viti/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

Друштво за производство на производи
на текстилна индустрија и градежништво
СИЛТЕКС СТ ДООЕЛ
Бр. 0307-522
27-08 2021 год.
КРАТОВО

Врз основа на член 119 став 1 точка 2 алинеја 1 и 2 и став 7 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Северна Македонија бр.24/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/21) и Договорот за набавка на работи, број 05-711/51 од 09.12.2016 година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и број 3377/16 од 02.12.2016 година на СИЛЕКС НЕМЕТАЛИ СТ ДООЕЛ КРАТОВО, за „Изградба на брана Речани на Оризарска река - Кочани", на ден __.__.2021 година се склучува следниот:

# АНЕКС НА ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА РАБОТИ

I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, со адреса: Аминта Трети 2 - Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од министерот Arjanit Hoxha (во понатамошниот текст Инвеститор) од една страна,

и

2. Друштво за рударство и градежништво СИЛЕКС НЕМЕТАЛИ СТ ДООЕЛ Кратово, Ул.Гоце Делчев бб, Кратово ЕДБ 4014006103834, ЕМБС 6104827, Жиро сметка и Банка депонент 320000000104087, ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД СКОПЈЕ, застапувано од управителот Васил Ристовски (во натамошниот текст - Изведувач), од друга страна.

Член 1

Со овој Анекс кон Договорот за набавка на работи „Изградба на брана Речани на Оризарска река - Кочани", број 05-711/51 од 09.12.2016 година и број 3377/16 од 02.12.2016 година се регулираат измени кои се однесуваат на вредноста на договорот, односно се врши измена на точка 6 од основниот договор.

Член 2

Во точката 6 од Основниот договор вредноста се зголемува за дополнителни 42.889.834,73 денари без пресметан ДДВ.

Согласно измената точката 6 од Основниот договор гласи:

"Вредноста на договорот вклучувајќи ги сите трошоци и попусти без ДДВ изнесува 1.636.268.170,00 денари.

Вредноста на Договорот со вклучен ДДВ изнесува 1.930.796.441,00 денари".

Член 3

Согласно член 102 став 7 од Законот за јавните набавки, во случај кога е продолжен рокот реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката Изведувачот соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Член 4

Сите останати членови од Договорот остануваат непроменети и обврзувачки за двете страни.

Член 5

Овој Анекс на Договорот стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Член 6

Овој Анекс на Договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои 4 (четири) за Инвеститорот и 2 (два) за Изведувачот.

ИНВЕСТИТОР
Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство

Министер
Arjanit Hoxha

ИЗВЕДУВАЧ
СИЛЕКС НЕМЕТАЛИ СТ
ДООЕЛ Кратово

Одговорно лице
Васил Ристовски